ЕРНА МАКЕДОНИЈА
DONISE SË VERIUT
индустриски развојни зони
zonë teknologjike industriale

03-270/3
01.08.2025 год./vit

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23, 59/25, и 154/25), и член 21 од Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Директорот на Дирекцијата за ТИРЗ на ден 01.08.2025 година ја донесе следната:

ПРОЦЕДУРА

за изработка на потврда за навремено и квалитетно извршување на договори склучени од Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони

ЦЕЛ НА ПРОЦЕДУРАТА

Целта на оваа процедура е да се утврди јасна постапка за изработка и потпишување на потврдата за навремено и квалитетно извршување на договорите согласно Законот за јавни набавки и согласно потреби на правни лица, со цел да се обезбеди транспарентност и одговорност на Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Член 1

Овластеното лице кое е задолжено за водење и за реализација на договорот од постапка во јавна набавка, ја изготвува потврдата по барање на носителот на набавката и се потпишува во делот на изготвил.

(Образец 1)

Потврдата треба да содржи информации за:

- Назив и адреса на економскиот оператор
- Предмет на договорот
- Број и датум на договорот
- Вредноста на договорот
- Времетраење на договорот
- Датум на целосно реализирање на договорот
- Опис на извршените обврски
- Други податоци (ако ги има), опис или појаснување.

КОНТРОЛА

Член 2

Потврдата се доставува до Помошник раководителот на Сектор за јавни набавки во рамките на Секторот за општи, нормативни работи и јавни набавки доколку потврдата се издава по однос на договор за јавна набавка, за да потврди дека потврдата произлегува од договор за јавна набавка во делот контролирал.

ОДОБРУВАЊЕ

Член 3

Потврдата се доставува до раководителот на Сектор за управување со ресурси за одобрување.

Раководителот ја потпишува потврдата во делот одобрил.

Член 4

По завршување на сите проверки, потврдата се доставува до одговорното лице во Дирекцијата за конечен потпис.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Процедурата стапува на сила со денот на донесување.

Со стапување во сила на оваа Процедура се укинува процедурата заведена под архивски број 03-270/2 од 07.02.2025 година.

Прилог:

- Образец 1 (Потврда за навремено и квалитетно извршување на договори склучени од Дирекција за ТИРЗ)

Директор
д-р Гоце Димовски

Изработил: Зоран Спанџевски

ТИРЗ
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

Врз основа на Барање заведено под архивски број _____
поднесено до Дирекцијата, се издава следнава:

Број: _____

Датум: _____

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ
Бул. Партизански одреди, бр. 2
П.Фах 311, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3111 166
Е-пошта: Info@fez.gov.mk

Образец 1

ПОТВРДА за навремено и квалитетно извршување на договори склучени од Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони	
Предмет на договорот	
Број и датум на договорот	
Назив и адреса на економскиот оператор	
Вредноста на договорот	
Времетраење на договорот	
Датум на целосно реализирање на договорот	
Опис на извршените обврски	
Други податоци (ако ги има), опис или појаснување	

Директор на
Дирекција за ТИРЗ

_____

Изготвил _____

Контролирал _____

Одобрил _____